Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола
Примено 01.07.2019
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
08-411/2
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА
Примено 20.05.2019
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
08-741/2

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409 - 4836
06.05.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 24 седница одржана на 08.04.2019 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студискита програма „Информатика и компјутерска техника" прв циклус студии на Факултет за информатички и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Се акредитира студиската програма **„Информатика и компјутерска техника" прв циклус студии на Факултет за информатички и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**- Дипломиран информатичар**
Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 110, 212.
Научно – истражувачко област: 11000 - 11010 и 21200 - 21208.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Факултет за информатички и комуникациски технологии Битола, за усвојување на прв циклус студиските програми „Информатика и компјутерска техника“, на 28.12.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 21 седница, одржана на 17.01.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 24 седница одржана на 08.04.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

Република Македонија
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Скопје